

На ден 29.11.2016 од страна на Главниот Технолог на Рудник Казандол – Зоран Вучковски, на децата од село Казандол им е одржана презентација за Влијанието на Рудник Казандол на околината. Самата презентација е направена на Македонски и Турски Јазик за да биде разбирлива за сите присутни на самата презентација.

За време на презентацијата е дадено целосен осврт на применетата технологија и на опремата која ќе се применува и ќе се користи за време на работа на Рудникот Казандол. На самата презентација како на децата така и на останатите присутни на презентацијата им е појаснет самиот процес на Експлоатација и Производство односно каква опрема и механизација ќе се сретнува во Рудникот Казандол.





Како гест на добрата соработка помеѓу месното население и рудникот Казандол и по повод Новогодишните празници од страна на претставниците на Сардич МЦ: Директорот за Финансии - Емил Бухов и Раководителот на Подружница Пирава - Зора Тодоровска поделени се Новогодишни пакетчиња на децата во Училиштето каде е одржана обуката.